Службен весник на РМ, бр.39 од 28 март 2011 година

Врз основа на член 11 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6 и член 61 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/2008), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО

## Член 1

Во Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2010, 62/2010, 105/2010 и 13/2011), во член 4 став (1) по точката 14 се додава нова точка 15 која гласи:

„15. „донирано возило" е доброволна и безусловна помош од возило, која не создава директна корист на давателот ниту обврска за враќање на примателот на возилото и која може да биде дадено за цели од јавен интерес или за подршка на активностите на примателот, каде давателот на возилото може да биде странско физичко и правно лице, а примателот да биде домашна јавна установа, единица на локалната самоуправа, фондација од јавен интерес и орган на државната управа.

Точките 15 и 16 стануваат точки 16 и 17.

## Член 2

Во членот 6 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

„(5) Техничките барања кои возилата од член 4 став (1) точка 15 од овој правилник треба да ги исполнуваат во постапката за единечно одобрување се дадени во Прилог XX кој е составен дел од овој правилник .

(6) По исклучок од став (2) на овој член, единечно одобрување на следните видови на половни возила за специјална намена:

- возило со фиксна надградба на бетономешалка (не од контејнерски тип),
- возило со фиксна надградба на пумпа за бетон,
- возило опремено со скалила или постаменти кои можат да се издигаат (на пример за работа на улично осветлување),
- возило – дигалка. Во оваа група не влегуваат возила кои се проектирани и изработени покрај дигалката да превезуваат и стока,
- возило посебно конструирано за чистење на улици, канализација, аеродромски писти и тн.,
- возило за собирање и пренесување на смет,
- возило со фиксно вграден генератор за електрична енергија,
- возило со вградени подвижни радиолошки уреди,
- возило – подвижна амбуланта (медицинска или забарска),
- репортажни возила (радио, тв и слично),
- возило – подвижна лабораторија и
- возило – подвижна специјализирана работилница, уникатни или не,

се врши по постапка и технички барања утврдени во Прилог XX од овој правилник."

Член 3

Во членот 7 по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„ (6) За возилото од член 6 ставови (5) и (6) од овој правилник, Органот за одобрување врз основа на извештај од техничка служба издава одобрение за единечно возило за кое барателот не може да обезбеди одделни документи потребни во постапката. Техничката служба извештајот го изготвува врз основа на спроведување на посебна постапка за утврдување на техничките и безбедносните карактеристики на возилото.“

Член 4

Во членот 8 во ставот (3) по алинеја 4, се додаваат две нови алинеи 5 и 6 кои гласат:

„- за возилата од член 6 став (5) на овој правилник се доставува доказ дека возилото е донирано и доказ за прифаќање на донираното возило; и

- за возилата од член 6 став (6) од овој правилник барателот наместо докуменентите од член 8 став (3) алинеи 1 и 3 од овој правилник доставува писмено известување од Органот за одобрување за спроведување на постапката во одсуство на потврда за исполнување на техничките барања.”

Член 5

За половните возила од член 25 ставови (1), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој правилник, за кои царинската постапка е завршена до денот на влегување во сила на овој правилник, постапката за единечно одобрување треба да заврши во период од 30 дена од денот на влегување во сила на овој правилник, согласно технички барања утврдени во Прилог XVII од овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 25-1940/ Министер,
18.03.2011 година Фатмир Бесими
Скопје

**Прилог XVII**

**Листа на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ECE за половни возила од категориите $M_1$, $M_2$ , $M_3$, $N_1$, $N_2$ и $N_3$**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| ТСВ техничка спецификација | **Содржина на техничката спецификација** | ECE Правилник | EEC Директива (основна) барана |
| ТСВ 141 | За мерките кои треба да се преземат за емисијата на издувни гасови и цврсти честички од дизел моторите кои се користат во возилата, и емисијата на издувни гасови од моторот со палење со искра, кои како гориво употребуваат природен гас или течен нафтен гас и се користат во возилата | R - 49/02 A | (88/77); 91/542 A |
| ТСВ 102 | За мерките против загадувањето на воздухот со емисијата од моторните возила | R - 83/02 | (70/220); 91/441 |

Прилог XX

## Листа на техничките спецификации

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ТСВ Техничка специфи-кација | **Содржина на техничката спецификација** | **ECE** Правилник | **EEC** Директива (основна) барана | Категорија на возилата |
| ТСВ 109 | За кочење на моторните и приклучните возила | R 13/05 | (71/320); 85/647 | **M, N, O** |
| ТСВ 141 | За мерките кои треба да се преземат за емисијата на издувни гасови и цврсти честички од дизел моторите кои се користат во возилата, и емисијата на издувни гасови од моторот со палење со искра, кои како гориво употребуваат природен гас или течен нафтен гас и се користат во возилата | R - 49/02 A | (88/77); 91/542 A | **M, N, O** |
| ТСВ 102 | За мерките против загадувањето на воздухот со емисијата од моторните возила | R - 83/02 | (70/220); 91/441 | **M, N, O** |